Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
СКОПЈЕ

# ОГЛАС ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА УСЛУГА - АНГАЖИРАЊЕ НА АГЕНЦИЈА ЗА ПРИВРЕМЕНИ ВРАБОТУВАЊА

**Број на оглас: ДО-1/2010**

**I. ДОГОВОРЕН ОРГАН:** МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

I.1. Податоци за договорниот орган: Министерство за финансии, ул. "Даме Груев" бр. 14, Скопје

I.2. Лице за контакт во врска со предметот на набавката: Михајло Михајловски, телефон (02) 3106-200, факс (02) 3106-711.

I.3. Тендерската документација може да се добие само со праќање на барање на е-пошта: mihajlo.mihajlovski@finance.gov.mk

По добивањето на тендерската документација економските оператори треба да го потврдат приемот на тендерската документација на истата електронска адреса.

I.4. Евентуални прашања или барања на појаснувања во врска со тендерската документација можат да се доставуваат на погоренаведената електронска адреса.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА

II.1. Предмет на договорот за јавна набавка е ангажирање на агенција за привремени вработувања заради отстапување на работници за вршење на привремени работи за потребите на Министерството за финансии за период од 1 (една) година.

II.2. Подетален опис на предметот на договорот за јавната набавка е даден во техничките спецификации од тендерската документација.

II.3. Предметот на набавката не е делив.

## III. ВИД НА ПОСТАПКА

III.1. Постапката за доделување на договор за јавна набавка ќе биде спроведена согласно со член 17, став 1, алинеја 2 од Законот за јавните набавки.

III.2. Оваа постапка нема да се спроведува со користење на електронски средства преку електронскиот систем за јавни набавки.

III.3. Во оваа постапка не се предвидува јавно отворање на понудите.

III.4. Критериум за избор на најповолна понуда за доделување на договорот за јавна набавка е најниската цена искажана во процент како надоместок за посредување при вработување.

## IV. ПРАВНИ, ЕКОНОМСКИ, ФИНАНСИСКИ И ТЕХНИЧКИ ИНФОРМАЦИИ

IV.1. Гаранции и авансно плаќање: Не

IV.2. Критериуми за утврдување на способноста на понудувачот

IV.2.1. За докажување на својата **лична состојба** економскиот оператор ги доставува следниве документи:

-изјава на понудувачот дека во последните 5 години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;

-потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган;

-потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган;

-потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган;

-потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност;

-потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство;

-потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;

-потврда дека понудувачот е запишан во регистарот на агенции за привремени вработувања што го води министерството надлежно за работите на трудот; и

-потврда за платени придонеси за пензиско, инвалидско и здравствено осигурување.

IV.2.2. За докажување на **способноста за вршење на професионалната дејност**, понудувачот треба да достави:

-документ за регистрирана дејност од надлежен орган (ДРД образец), како доказ дека е регистриран за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка;

-документ за важечка лиценца „А“ за вршење на привремени вработувања издадена од Министерството за труд и социјална политика; и

-потврда дека економскиот оператор е запишан во регистарот на агенции за привремени вработувања што го води Министерството за труд и социјална политика.

IV.2.3. За утврдување на **екомската и финансиската состојба** економскиот оператор треба да има позитивни финансиски резултати во последната деловна година.

За докажување на економската и финансиска состојба економскиот оператор треба да достави извештај за билансот на состојба и податоци за билансот на успех за 2009 година издаден од Централен регистар на Република Македонија.

IV.2.4. За докажување на **техничката или професионалната способност** економскиот оператор треба да достави:

-листа на услуги кои се извршени од економскиот оператор, со наведување на склучени договори за отстапени работници, корисници (договорни органи) за

последните 3 години;

-потврди за извршени услуги од најмалку 3 (три) договорни органи;

-изјава за кадровска екипираност на економскиот оператор;

-изјава за број на евидентирани лица со кои располага економскиот оператор и нивна квалификациона структура.

**V. АДМИНИСТРАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ**

V.1. Краен рок за доставување на понудите е 7.12.2010 година, до 15,30 часот.

Понудите што ќе пристигнат по горенаведениот датум и час нема да се разгледуваат.

V.2. Понудите се поднесуваат на следнава адреса: Министерство за финансии, ул. “Даме Груев“ бр 14, Скопје, со назнака: Број на оглас ДО-1/2010.

Понудите можат да се доставаат по пошта или да се донесат во писарницата на Министерството за финансии на горенаведената адреса.

V.3. Период на важност на понудата: најмалку 60 дена.

V.4. Сите понудувачи кои учествувале во постапката за доделување на договор за јавна набавка ќе бидат писмено известени за изборот на најповолна понуда.

Скопје, 29.11.2010 година